


## ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ И КОВИД-19

Населението изложено на загаден воздух е помалку отпорно на КОВИД-19, а загадувањето на воздухот може да доведе до влошување на симптомите од коронавирусот, како што покажуваат истражувањата спроведени од почетокот на пандемијата.

Западен Балкан со години е еден од регионите со најлош квалитет на воздухот во Европа. Нејзините градови често се на врвот на листата на најзагадени градови во светот. Кога лошиот квалитет на воздухот ќе го спиме со глобалната пандемија КОВИД-19 која во голема мера ги одбележа изминатите две години и сè уште трае, тоа ќе резултира со дополнително зголемување на респираторните заболувања и повисоки стапки на смртност.

Од самиот почеток на пандемијата, се појавија истражувања и студии кои укажуваат на зголемен број случаи на КОВИД-19 и смртни случаи во региони со низок квалитет на воздухот. Меѓутоа, за јасно да се утврди дека загадувањето на воздухот придонесува за ризикот од смрт од КОВИД-19, потребни се долготрајни епидемиолошки студии кои би земале предвид многу фактори, а ваквите научни трудови сè уште се развиваат.

Истражувањата од Кина, Англија, САД, Германија, Холандија и Италија досега покажаа дека зголеменото загадување на воздухот може да предизвика поголем број на заразени, како и повисоки стапки на смртност од КОВИД-19. Истражувањата во Германија покажуваат дека

повисоката концентрација на ПМ 10, исто така, ја зголемува смртноста кај пациенти со КОВИД-19 на возраст над 80 години, за 30% кај мажите и 35% кај жените.

Кога се споредуваат овие податоци, може да се заклучи дека загадувањето на воздухот ја зголемува стапката на смртност од КОВИД-19 за 15% на глобално ниво и за 19% во Европа.

Главната причина за загадувањето на воздухот се фините честички (ПМ), а секое зголемување на нивната концентрација од 1 микрограм на кубен метар, ја зголемува смртноста од КОВИД-19 за 11%. За време на пандемијата, 78% од заразените потекнуваат од пет региони со највисоки стапки на загаденост на воздухот.

Загадувањето на воздухот е еден од најважните фактори кои влијаат на сериозноста на болеста и смртноста од КОВИД-19. Бројот на хоспитализации се зголемува за речиси 100 отсто доколку концентрацијата на ПМ 2.5 се зголеми за 20%.

Честичките допираат до најмалите делови на ткивото на белите дробови и предизвикуваат оштетување на крвните садови. Високите стапки на загаденост на воздухот од олово, помагаат да се шири КОВИД-19 во белите дробови, предизвикувајќи потешко воспаление и формирање на мали згрутчувања на крвта.

За жал, сѐ уште нема релевантни студии и истражувања во однос на регионот на Западен Балкан, што нѐ спречува да презентираме конкретни податоци. Може да се претпостави дека податоците нема да се разликуваат во случајот со овој регион, па дури и да се тврди дека би биле полоши. Дури и без влијанието на пандемијата КОВИД-19, загадениот воздух во регионот предизвикува повеќе од 30.000 предвремени смртни случаи годишно.

**Како може да се постигне подобра епидемиолошка состојба и почист воздух во Западен Балкан?**

Бројот на научни студии за поврзаноста помеѓу загадувањето на воздухот и КОВИД-19 секојдневно расте. За да се реагира правилно, одлуките треба да се засноваат на валидни информации. Затоа неопходно е да се подготви барем една, а можеби и неколку студии кои би ја анализирале врската помеѓу загадувањето на воздухот и КОВИД-19 во Западен Балкан.

Ваквото истражување мора да биде прецизно планирано и изведено, за да може да се донесат соодветни заклучоци и предлог мерки.

Кога се предлагаат мерки, неопходно е да се земе предвид состојбата на здравствените системи на земјите од Западен Балкан. За време на пандемијата, ефектите од недостаток на болнички кревети, имиграција на лекари и медицински персонал, недостиг на респиратори и друга опрема, како и севкупниот недостаток на инвестиции, станаа очигледни во целиот регион. Во времето кога и тие се погодени од пандемијата КОВИД-19, притисокот врз овие кревки здравствени системи често ги надминува нивните граници. Оттука, потребен е поголем степен на учество на претставниците на здравствениот сектор во процесите на донесување одлуки за да се обезбеди навремена интеграција на здравствените мерки во политиките за животна средина.

Владите на земјите од Западен Балкан мора да реагираат и да ја зголемат нивната ефикасност во спроведувањето на законите и мерките за заштита на животната средина со цел да постигнат поголеми здравствени и економски придобивки за сите граѓани. Само електраните на јаглен во Западен Балкан се одговорни за економската штета во форма на здравствени трошоци, проценети од 1.9 до 3.6 милијарди евра годишно, кои ги плаќаат граѓаните на Западен Балкан.

КОВИД-19 наскоро ќе стане минато, но мора да спречиме загадувањето на воздухот да остане „нормално“. Навремената реакција вклучува интегрирање на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот во јавните политики и плановите за закрепнување на КОВИД-19, во согласност со обврските од Зелената агенда за Западен Балкан, кои беа прифатени од сите земји.

Треба да развиеме регионални мултисекторски политики кои ќе имплицираат подобрување на животната средина и јавното здравје, бидејќи ваквите проблеми бараат заедничко, регионално решение.